Бр. 12-3885/2

18-02-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на непознат подносител, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари ноември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-3885/1 од 14.08.2019 година од непознат подносител,, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува во предметот со број 12-3885 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-3885/1 од 14.08.2019 година и предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија - Оддел за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди.

Предметот со број 12-1975 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3885 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-3885/1 од 14.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител .

Со пријавата се изразуваат наводи против лицето ---- ------------ вработен во граничната полиција граничен премин Меѓународен аеродром Скопје, за негово незаконито работење и постапување, како и за сомнително стекнување со имот.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган и оцени дека Државната комисија нема надлежност да се произнесува по однос на истите, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија - Оддел за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020година под бр. 12- 3885/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk